**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-578/6**

**Скопје, 26.10.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА САРАЈ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Единицата на локална самоуправа Сарај сметка на Органот за 2005 година кои се прикажани на страните од 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Сарај за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Имер Селмани – градоначалник на општина Сарај во 2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 10 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 26.06.2006 до 19.07.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на интерни акти**

10.1.1. Службите на општина Сарај немаат изготвено, а Советот нема донесено Програма за улично јавно осветлување што е спротивно на Статутот на општина Сарај и на Законот за локална самоуправа. Активностите кои општина Сарај ги превзема во доменот на изградба, реконструкција и одржување на уличното јавно осветлување без конкретна усвоена програма по објетки и активности, создава можност за набавки кои не се приоритетни, субјективност во донесувањето на одлуките за набавки а со тоа се создава можност за зголемени расходи без можност за нивно контролирање.
**Препорака:**
Надлежните служби да ги изготват, а Советот да ги усвои потребните програми согласно надлежностите на општината предвидени со законската регулатива.

10.1.2. За извршените набавки на опрема во текот на 2005 година, како и за преносот на товарното возило - камион на трајно користење без надоместок на ЈКП „Сарај“ во минати периоди, Советот на Општина Сарај нема донесено одлуки за набавки и отстапување со што е постапено спротивно на Законот за локална самоуправа и член 21 од Статутот на општина Сарај. Непочитувањето на законските одредби и интерните акти создава можности за субјективно одлучување на одговорните лица при располагањето со средствата на општината без можност за контрола од страна на Советот.
**Препорака:**
Доследно почитување на законите, интерните акти и пишаните процедури за надлежностите и ингеренциите на одговорните лица во делот на располагање со средствата кои се имот на општината.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Годишниот извештај на општина Сарај, усвоен од советниците, не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации предвидени со член 34 од Законот за финансирање на ЕЛС. Со самото тоа што овие извештаи не се изготвени, доставени и усвоени, се намалува можноста за поголема транспарентност и отчетност на работењето на органите на општина Сарај во 2005 година.
**Препорака:**
Изготвувањето на годишниот извештај за работењето на единицата на локалната самоуправа да се темели на обврските кои произлегуваат од член 34 од Законот за финансирање на ЕЛС.

10.2.2. Во врска со набавката и трошењето на материјалите и ставањето во употреба на ситниот инвентар не е утврдена конзистентна сметководствена политика за евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар и нивен отпис при ставање во употреба, која треба да се применува во целиот пресметковен период согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Претходно наведеното создава можности да се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар и непостоење политика за евидентирање на истите.

**Препорака:**

- Евидентирањето на набавката на ситниот инвентар да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Набавката на материјали треба да се регулира со Општ акт со кој:
  - ќе се утврди потребата за набавка;
  - ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице,и
  - ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатница/требување.

10.2.3. Општина Сарај не води книга на основни средства што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова е од причина што со години station наназад, состојбите на набавната вредност и исправката на вредноста на материјалните средства се обезбедуваат од пописните листи. Неводењето на книга на основни средства доведува до немање на можност да се изврши усогласувања на сметководствената со состојбите утврдени со пописот.

**Препорака:**

Согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници службата за сметководство да воведе книга на основните средства.

10.2.4. Не е извршен целосен попис со состојба на 31.12.2005 година, односно не е извршен попис на обврските, не е изготвен извештај за пописот на материјалните средства со што е постапено спротивно на член 33 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ова е резултат на неправилна примена на законските прописи и немање на интерни акти. Како ефект од ова не е извршено усогласување на нивната вредност искажана во сметководството со фактичката состојба и не се превземени мерки согласно членовите 34 и 35 од истиот Правилник. Ова создава услови за погрешно проценување на билансните позиции, а со самото тоа и изготвување на погрешни финансиски извештаи.

**Препорака:**

Доследно да се применува Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници во делот на спроведување на годишниот попис со цел точно утврдување на состојбите на средствата и изворите, состојбата на обврските, потрошените материјали и ситниот инвентар.

10.2.5. По припојувањето на општина Кондово кон општина Сарај, по локалните избори во 2005 година и не добро спроведените постапки на примопредавање спротивно на одредбите од член 19 од Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, карактеристични се следните состојби:

- Не е извршен попис на побарувањата и обврските на општина Кондово;
- Не е извршено усогласување на материјалните средства и залихите на материјали и ситен инвентар утврдени со спроведениот попис со нивната сметководствена вредност;
- Не е превземена финансиската евиденција од подрачната единица на Министерството за финансии во општина Карпош каде се водела

сметководствената евиденција (уништени компјутерски податоци поради оштетување на компјутерската опрема)

Непочитувањето на законските прописи создава можности за нереално утврдување на состојбата на материјалните средства, а со тоа и погрешно проценување на билансните позиции.

**Препорака:**

Да се спроведе вонреден попис со цел реално утврдување на вредностите и состојбите на материјалните средства, залихите на материјали, ситниот инвентар, побарувањата и обврските и нивно евидентирање во евиденцијата на општина Сарај.

### 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.3.1. Поради погрешна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно непримена на принципот на парично искажување на промените, како и примена на цесии како форма за наплата на побарувања и плаќање обврски, кои цесии не се спроведени низ системот на платен промет, извршено е преценување на вкупните приходи и вкупните расходи за износ од 2,411 илјади денари.

Непочитувањето на принципот на парично искажување на промените создава можност за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

При примена на формите на плаќање како што се цесии, компензации и асигнации истите да се спроведуваат преку трезорскиот систем кај сметката на буџетот и органот како не би се нарушил принципот на парично искажување на промените во сметководствената евиденција.

10.3.2. Од редот на избраните советници во Советот на општина Сарај извршено е вработување на две лица (претседавачот на советот и заменик на градоначалникот) со што е постапено спротивно на член 44 од Законот за локална самоуправа. Поради непочитување на споменатиот закон, во текот на 2005 година по основ на плати, даноци, придонеси и надоместоци од плати за овие лица исплатени се:

- за нето плати - 210 илјади денари;
- даноци и придонеси од плати – 146 илјади денари;
- надомест за храна – 21 илјади денари;
- надомест за патарина – 8 илјади денари;
- надомест за годишен одмор – 7 илјади денари.

Како ефект од овие незаконски исплати извршено е преценување на ставката Основни плати и надоместоци во износ од 392 илјади денари поради што е потценет Вишокот на приходи над расходи за истиот износ.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака по овој наод поради тоа што за заменикот на градоначалникот исплати се вршени само за 4 месеци, а претседавачот на Советот во 2006 година е вработено лице во администрацијата.

10.3.3. Извршено е преценување на ставката Основни плати и надоместоци во износ од 369 илјади денари поради што е потценет Вишокот на приходи над расходи, а поради:

- Исплата во вкупен износ од 158 илјади денари по основ на месечни паушали на градоначалникот, претседавачот на советот и секретарот спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица за лицата кои имаат третман на функционери;
- повеќе исплатени 211 илјади денари на име месечни паушали за советниците спротивно на член 100 од Законот за локална самоуправа,

10.3.4. Ставката Основни плати и надоместоци е преценета во износ 69 иљади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходи поради погрешна примена на Законот за локална самоуправа.
Извршена е исплата на 69 иљади денари на име дневници и персонален данок за избраното лице кое го заменува градоначалникот. На ревизијата не и беа презентирани дополнителни докази за извршената замена (79 дена) од причина што во увид во документацијата ревизијата констатира дека нема случаи кога градоначалникот бил отсутен од работа, нема користено боледување, нема доказ дека подолго отсуствувал од работа.
**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што во декември 2005 година донесена е Одлука за регулирање на платите и другите надоместоци на Градоначалникот, советниците и именуваните лица од Советот на општината согласно постојната законска регулатива.

10.3.5. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста за дел од искажаните расходи на позицијата Стоки и услуги во вкупен износ од 151 иљади денари , а се однесуваат на следниве подставки:

- Поправки и тековно одржување за евидентираните расходи во износ од 101 иљади денари за кои нема доволно поткрепувачка документација за извршеното фарбање и полирање на возила извршено од фирмата Аутоморал во износ од 73 иљади денари и за извршен ремонт на мотор од „Генева пром“ во износ од 28 иљади денари (нема прилог работни налози за извршената работа, нема потпис од овластеното лице дека работата е извршена);
- Ситен инвентар, алат и други материјали за евидентирани расходи во износ 30 иљади денари по основ на набавени градежни материјали од Рора Градба-с. Рашче, поради недоволно поткрепувачка документација (испратница, записник за извршени работи и др. потврдени документи од надзор) ;
- За искажаните расходите на ставката-Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка во износ од 20 иљади поради искажани промени без било каков сметководствен документ.

Евидентирањето на расходи врз основа на недоволно поткрепувачка документација е спротивно на член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и создава можности за зголемени расходи и погрешно проценување на билансните позиции.
**Препорака:**
Евиденцијата на промените во сметководството на општината да се врши врз основа на документација која недвосмислено ќе го потврди настанот (прилози, спецификации, налози, потврди од овластени лица) согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските.

10.3.6. Расходите на ставката Други тековни расходи во делот на подставката Други оперативни расходи се преценети во износ од 130 иљади денари поради што е потценета ставката Вишок на приходи над расходи, за извршената исплата на средства на културно уметничко друштво и на една политичка партија за организирање на прослава по повод денот на знамето „28 Ноември“. Надлежната комисијата нема донесено програма за тоа кои настани ќе ги финасира Општина Сарај, ниту пак Советот има донесено одлука за доделување на средства за овие намени.
Трошењето на средствата без соодветна програма како и без Одлука на советот создаваат можности за нивно ненаменско и нетранспарентно користење како и финансирање на настани без Одлука на Советот.
**Препорака:**

- Надлежните служби на општина Сарај да донесат интерни акти за утврдување на критериуми за избор на манифестации кои се од заначење за Општина Сарај;

- Да се утврдат критериуми за начинот и висината на средствата кои ќе се одобрат од буџетот на општина Сарај за финансирање на овие манифестации и настани.

**10.4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба**

10.4.1. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на ставката Активни временски разграничувања поради извршени промени спротивно на член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Поради непочитување на начелото на парично искажување на приливите и одливите, во сметководствената евиденција расходите се утврдуваат во моментот на примање на фактурите односно по пресметковен принцип. Заради усогласување на состојбите на вкупните расходи со платените обврски кон добавувачите во 2005 година, на крајот од фискалната година се врши прекнижување и тоа сторнирање на расходите а зголемување на ставката АВР и тоа за износ од 229 илјади денари без да има доволно податоци по кои фактури се корегираат расходите.

**Препорака:**

Да се обезбеди доследна примена на принципот на парично искажување на промените во евиденцијата на општина Сарај.

10.4.2. Ставката Залихи е нереално проценета и утврдена во Билансот на состојба на ден 31 декември 2005, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради следниве причини:

- за утврдената состојба од 183 илјади денари не постои документација со која ќе се потврди вредноста на оваа ставка. Оваа состојба е превземена од сметководствената евиденција од службите на подрачната единица на Министерството за финансии во Општина Карпош кои до 2002 година го воделе сметководството на Општина Сарај без да има приложено спецификација на предметите кои ја сочинуваат вредноста на оваа ставка со нивната набавна вредност. Исто така не постои усогласеност на вредноста на ситниот инвентар во употреба (298 илјади денари) со неговата исправка (115 илјади денари) ;
- состојбата на Залихите искажани во Билансот на состојба на укинатата општина Кондово проценети во износ од 33 илјади денари не се превземени како средства во сметководствената евиденција на општина Сарај.

**Препорака:**

- Да се изврши корекција на исправката на вредноста на ситниот инвентар во употреба;
- Службите на општина Сарај да извршат целосен попис на ситниот инвентар во употреба.

10.4.3. Проценетата вредност на позицијата Материјални средства од 4,213 илјади денари искажана во Билансот на состојба на ден 31 декември 2005 година е нереална и необјективна од следниве причини:

1. Не се превземени активности во однос на обезбедување имотни листи и проценување и евидентирање на вредноста на објектите кои општина Сарај ги има добиено согласно Решението на Влада на РМ бр. 23-257/49 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбен биланс помеѓу РМ и новоформираните општини во сметководствената евиденција што е спротивно на членот 64 од Законот за локална самоуправа;
2. Извршено е потценување на Материјалните средства во делот на Градежни објекти во износ од 2,274 илјади денари , за кој износ се потценети Изворите на капиталните средства а поради не евидентирање на трошоците за изградба на улици во населени места во општина Сарај што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници
3. Позицијата Опрема е нереално утврдена поради:


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

- неевидентирање на набавката на канделабри на плоштадот во населено место Сарај во износ од 1,200 илјади денари што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, а поради што се потценети позициите Опрема и Изворите на капиталните средства;
- извршено е зголемување на вредноста на Опремата во износ од 1,414 илјади денари, по превземањето на средствата и опремата од укинатата општина Кондово, без да се утврди поединечната вредност на секое превземено средство (спроведен е физички попис но не се обезбедни податоци за поединечната набавна вредност и исправката на вредноста) што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници,
- неосновано е зголемена вредноста на позицијата Опрема за износ од 36 илјади денари поради погрешно евидентирање на набавен ситен инвентар и друг потрошен материјал поради што е потценет прометот на позицијата Залихи - ситен инвентар во употреба и исправка на ситен инвентар;
- извршено е намалување на вредноста на Опремата во износ од 5 илјади денари по основ на отпис на мобилен телефон кој не е вратен од корисникот, а за кој отпис Советот на општината нема донесено одлука.

4. Ставката Исправка на вредноста на Материјалните средства проценета во износ од 3,458 илјади денари е погрешно утврдена и искажана во Билансот на состојба на ден 31 декември 2005 година, а поради погрешно утврдување на основицата за пресметување на амортизацијата, спротивно на одредбите од член 19 од Правилникот за сметковдство на буџетите и буџетските корисници. Ревизијата неможеше да изврши квантифицирање на ефектите од погрешната примена на законските одредби врз состојбите на Изворите на средствата каде се рефлектираат овие промени, поради немање на доволно податоци.

Непочитувањето на законските прописи придонесува за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на погрешни финансиски извештаи.

**Препорака:**

- да се изврши проценка на вредноста на објектите со кои располага општина Сарај како и на превземената опрема од општина Кондово и нивно евидентирање во сметководството;
- да се извши корекција на вредноста на Градежните објекти, Опремата, Залихите и Изворите на капитални средства, и
- да се изврши правилна пресметка на исправката на вредноста согласно утврдениот начин во Правилникот за сметковдство на буџетите и буџетските корисници.

10.4.4. Позицијата Материјални средства во подготовка е потценета за износ од 4,543 илјада денари за кој износ е потценета ставката Пасивни временски разграничувања, а поради неевидентирање на трошоците за објектите кои се во изградба (тротоари и плоштад) во општина Сарај како инвестиции во тек, што е спротивно на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за локална самоуправа во делот на евидентирањето на имотот со кој располага општината.

**Препорака:**

Службата за сметководство да воспостави евиденција на материјалните средства во подготовка согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници со цел точно утврдување и евидентирање на нивната вредност посебно на објектите кои се градат подолго време.

10.4.5. Извршено е потценување на ставките Активни временски разграничувања и Обврски спрема државата и други институции во износ од 88 илјади денари за непресметаниот и неплатен персонален данок од доход по основ на:

- исплата на 103 илјади денари финансиска помош на физички лица;

- исплата на 245 илјади денари на основа надомест за договор за дело, и
- исплатени 152 илјади денари надоместоци за советници.

**Препорака:**
За исплатата на средства за кои не се предвидени даночните ослободувања согласно член 6 од Законот за пресонален данок на доход, задолжително да се пресметува и плаќа персонален данок.

10.4.6. Позицијата Извори на капитални средства во делот на ставката Државен јавен капитал е потценета за износ од 86 илјади денари а поради несоодветно спроведени промени на соодветните сметките за набавената опрема што што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Неправилното евидентирање на материјаните средства создава услови за нереално утврдување на вредноста на имотот со кој раполага општината, погрешно проценување на биласните позиции и изготвување на погрешни финансиски извештаи.

**Препорака:**
Службата за сметководство доследно да ги применува сметководствените принципи за искажувањето на промените кои се резултат од набавките на материјални средства.

### 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

#### 10.5.1. Направени расходи без претходно обезбдени средства со буџет/финансов план и спротивно на законските прописи

10.5.1.1. Спротивно на член 33 од Законот за Буџетите, без Одлука за прераспределба на планираните расходи, од сметката на Органот потрошени се средства за кои од сметката на Буџетот се дотирани помалку средства, а се однесуваат за следниве ставки:

- Плати, наемнини и надоместоци потрошено повеќе за 9 илјади денари;
- Резерви и недефинирани расходи потрошено повеќе за 42 илјади денари, и
- Стоки и други услуги потрошено повеќе за 288 илјади денари.

Непостапувањето на органите и службите на општина Сарај согласно одредбите на Законот за буџетите придонесува за ненаменско користење на средствата со кои располага општина Сарај.

**Препорака:**
Доследно да се применуваат одредбите од Законот за Буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

#### 10.5.2. . Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

10.5.2.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, Ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04, 109/05) и тоа:

- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи што е спротивно на член 11 од законот;
- Не се води регистар на постапките за јавни набавки што е спротивно на член 17 од законот;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност согласно член 72 од законот;
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

10.5.2.2. Во Отворениот повик бр.1/2004 година за изведба на градежни работи за плоштад и тротоари во населено место Сарај, дадениот рок на доставување на понудите е 15 дена што е спротивно на член 58 од законот.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
_______________________

10.5.2.3. Изборот на изведувачи за набавка на материјали и работна рака за изведба на нови мрежи и одржување на постојни мрежи на улично осветлување во населени места во општина Сарај и за електрично осветлување на плоштадот во Сарај по Ограничени повици 01/2004 и 01/2005 е направен спротивно на одредбите на член 60 точка 2 став 3 од Законот за јавни набавки. Наместо во првата фаза да избере квалификувани кандидати (најмалку тројца), комисијата за јавни набавки доставила понуди до двете избрани фирми во првата фаза.
На тој начин не се создадени услови за поголема конкуренција согласно законот со што постои можност за повисоки расходи за изградба на овие објекти.

10.5.2.4. Извршени се набавки во вкупен износ од 348 илјади денари спротивно на одредбите од член 72 од Законот за јавни набавки (Прилог 1).
Спроведување на постапките за јавни набавки спротивно на Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
- Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката
- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките од 10.3., е преценување на Расходите за износ од 960 илјади денари, а потценување на Вишокот на приходите над расходите за износ од 960 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2005 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2005 година во вкупен износ од 4,717 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1. до 10.4., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Сарај под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива..

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.3. и 10.5., кај сметката на Органот на Општина Сарај, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека Општина Сарај е тужена странка во судски спорови и тоа:
- По основ на неплатени обврски кон АДГ Маврово во вкупен износ од 2,606 илјади денари,и
- По основ на спор со ЕМО АД Охрид за закуп и сопственост над објектите во кои е сместена администрацијата на општина Сарај.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Сарај за годината која завршува со 31 Декември 2005 година.

**Скопје, 20.10.2006 година**

**ОРГАН НА ЕЛС САРАЈ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 13 | 22 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 31,768 | 20,728 |
| **Вкупно приходи** | | **31,781** | **20,750** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 8,142 | 5,339 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.3.2. | 433 | 481 |
| Стоки и услуги | 3.3.3. | 10,356 | 4,211 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.4. | 338 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **19,269** | **10,031** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 12,512 | 10,659 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **12,512** | **10,659** |
| **Вкупно расходи** | | **31,781** | **20,690** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **60** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **60** |

## ОРГАН НА ЕЛС САРАЈ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 2,797 | 5,387 |
| Залихи | 4.1.2. | 183 | 183 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,980** | **5,630** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 4,213 | 2,523 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4,213** | **2,523** |
| **Вкупна актива** | | **7,193** | **8,153** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 2,797 | 5,387 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,797** | **5,447** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 4,396 | 2,706 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4,396** | **2,706** |
| **Вкупна пасива** | | **7,193** | **8,153** |

## ОРГАН НА ЕЛС САРАЈ

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **5,683** | **183** | **5,866** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,988** | **-** | **1,988** |
| Набавки | 1,993 | - | **1,993** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Пренос од средства во подготовка | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| Расходување | (5) | | **(5)** |
| **Намалување по основ на:** | **3,458** | **-** | **3,458** |
| Отпис на капитални средства | 3,160 | | **3,160** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 298 | | **298** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **4,213** | **183** | **4,396** |